# <u>Извештај за годишната ревизија за 2021</u>

Ревизорски услуги
Обезбедени за УСЈЕ од страна на функцијата Внатрешна ревизија, ризик и усогласеност при Групацијата Титан

| | |
|---|---|
| Извештајот го подготвил: | Димитрис Валсамопулос<br>Менаџер на Внатрешна ревизија, Југоисточна Европа и Турција<br>Внатрешна ревизија, ризик и усогласеност при Групацијата ТИТАН |
| Датум на издавање: | 17.12.2021 |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНАТА РЕВИЗИЈА НА УСЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

## А. Вовед

Независната функција на Внатрешната ревизија (ВР) на Групацијата ТИТАН ги обезбеди услугите за внатрешна ревизија за *УСЈЕ*. Согласно актуелната организациска поставеност на Групацијата ТИТАН, Директорот на Внатрешната ревизија, ризик и усогласеност на Групацијата поднесува извештаи до Одборот за ревизија и ризик при Групацијата ТИТАН, како и административно до Генералниот директор на Групацијата ТИТАН.

Во однос на деловната единица *УСЈЕ*, главната цел на Внатрешната ревизија при Групацијата ТИТАН е да му достави на Одборот на директори на *УСЈЕ,* како и на Одборот за ревизија и ризик при Групацијата ТИТАН независно и објективно мислење во однос на внатрешните контроли, управувањето со ризици и системите за корпоративно управување преку проценка на нивната ефективност во постигнувањето на деловните цели.

Покрај ова, Внатрешната ревизија нуди и советодавни услуги на барање на главниот извршен директор на *УСЈЕ* или на барање на регионалното раководство на ТИТАН.

## Б. Налози на Внатрешната ревизија за 2021

Во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија на Внатрешната ревизија при Групацијата ТИТАН, во 2021 година беше изведен еден (а) последователен ревизорски налог во *УСЈЕ* од страна на Одделението за внатрешна ревизија на Југоисточна Европа и Турција. Како резултат на КОВИД-19 пандемијата, ова беше изведено на далечина од Атина.

Треба исто така да споменеме дека два (2) други налози се завршија на почетокот на годината, 20-08 Ревизијата на набавки и Извештајот AF 20-03 Последователна ревизија на проценката на ризици од измами (последната од страна на Одделението за усогласеност и анти-измами). Овие се вклучени во Годишниот ревизорски извештај за *УСЈЕ* за 2020 година.

### <u>ЈИЕТ 21-05 Последователна ревизија на Пакување (Последователен извештај ЈИЕТ 19/01)</u>

За време на јули 2021 година, Одделението за внатрешна ревизија на Југоисточна Европа и Турција изврши последователна ревизија на Пакување. Оваа ревизија се изведе во текот на месец јануари 2019 година во Цементарница *УСЈЕ* АД. Во ревизорскиот извештај за 2019, внатрешната контрола на функцијата Пакување беше оценета како „Задоволителна“.

Целта на овој налог беше да се утврди дали поправните дејствија договорени при претходната ревизија се спроведени  и дали истите придонесуваат за јакнење на контролите и за подобрена ефикасност. При ревизијата се разгледуваа применните податоци, електронска пошта, скенирани докумени и постоечката соработка на деловната единица. Воедно изведовме и дигитална посета на Машините за пакување и палетизатори со користење на камери за пренос во живо.

Нашето мислење е дека Системот за внатрешна контрола на функцијата Пакување е натамошно подобрен, со оглед на фактот што договорените поправни дејствија се имплементирани.

Главниот проблем утврден за време на почетната ревизија се однесува на нетранспарентните дневни усогласувања во производството на пакуван цемент (цемент во вреќи) и односните слабости. Овие се соодветно адресирани со систематската примена на континуирани индикации на бројачите за пресметка на дневното производство, периодични порамнувања, броења на залихите и месечни порамнувања кога ова е неопходно, кои се соодветно заведени и одобрени.

## В. Општо мислење

Врз основа на гореспоменатиот налог за внатрешна ревизија спроведен во текот на 2021 година, дојдовме до заклучок дека Системот за внатрешна контрола на функцијата која подлежеше на ревизија е добро изведен со цел соодветно да се управуваат главните ризици и да се постигне усогласеност со законската регулатива и внатрешната рамка кои се во сила.